Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневни настани 03.01.2024

Полициски службеници на СВР Тетово, вчеравечер (2 јануари) околу 22.10 часот го лишиле од слобода 26-годишниот тетовец Ф.Ф.. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе му биде изготвен законски предвидениот поднесок.

На 02.01.2024 во 17.20 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(23) од с.Визбегово, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.01.2024 во 20.00 часот на ул.„Пере Тошев” во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода В.Т.(39) од Прилеп затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја и повеќе таблети. По документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава.

На 02.01.2024 во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Н.Ш.(60) од Битола. При претрес на тезга во новиот пазар во Битола и во неговиот дом на ул.„Охридска" во Битола пронајдени и одземени се над 200 парчиња пиротехнички средства. Лицето е приведено во Полициска станица Битола и по документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.01.2024 во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани ги лишиле од слобода 23 – годишната Џ.С. и малолетник, во присуство на неговиот старател, двајцата од Кочани, затоа што околу 14.00 часот Џ.С. во домот на малолетникот му продала марихуана. Полициските службеници ја одзеле марихуаната и по комплетирање на случајот против лицата ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (02.01.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 144 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 47 санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум мерки за користење мобилен телефон при возење...

На 02.01.2024 во 09.45 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Кичево, кај с.Врбјани, патничко моторно возило „опел“ со скопски регистарски ознаки, управувано од М.А.(59) од Скопје излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се сопатничката од возилото В.А.(58) од Скопје, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 02.01.2024 во 06.25 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека на ул.„Миро Барага“ во Пробиштип, патничко возило „даеву тико“ со штипски регистарски ознаки, управувано од С.П.(46) од с.Стрмош, пробиштипско, удрило во Л.К.(61) од Пробиштип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Л.К. констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Пробиштип.

На 02.01.2024 во 05.00 часот Полициската станица Берово било пријавено дека на регионалниот пат Берово – Делчево на место викано „Смојмирско поле“, атар на с.Смојмирово, патничко моторно возило „голф“ со велешки регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(24) од Берово, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 02.01.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Карпош, Ж.Р.(43) од с.Бардовци, скопско, пријавил дека на ул. „Љубљанска“ бил каснат од куче скитник.

На 02.01.2024 во 19.15 часот во СВР Битола, К.П.(65) од Битола пријавил дека во Битола бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.И.(21) од гостиварско село поради постоење основи на сомнение „загрозување на сигурноста“ при семејно насилство. На 29.11.2023 во семејна куќа, пријавениот со нож се заканувал на неговиот 51-годишен татко.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ц.Б.(43), А.Ф.(43) и М.Б.(43), сите од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 11.11.2023 во казино во Охрид, пријавените физички го нападнале Ф.Т.(29) од Охрид и му нанеле повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.А.(36) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени осум кривични дела „измама“. Во мај 2021 година и во периодот од август до октомври 2022 година, пријавениот со лажно прикажување на факти довел во заблуда осум лица кои ги измамил и се стекнал со противправна имотна корист од 217.000 денари. Кривичните дела ги извршувал на тој начин што на оштетените им нудел и договарал различни услуги како превоз на патници, стока, набавка на угостителска опрема, камиони, градежни материјали и учество на културни настани, при што на дел им се претставувал и како менаџер на хотели во зависност од договорената зделка. Притоа, од оштетените барал услуга на определено место и лице да дадат парични средства во износ од 250 до 500 евра со ветување дека средствата ќе им ги врати со исплата на договорената сума за договорената зделка. Оштетените, откако ги давале паричните средства и пристигнувале до крајната договорена дестинација, сфаќале дека биле измамени и случаите ги пријавувале во полициска станица.

На 02.01.2024 во 11.20 часот во СВР Скопје, 48-годишна жена пријавила дека околу 07.30 часот во домот на подрачјето на Кисела Вода, таа и нејзината ќерка биле физички нападнати од нејзиниот син Д.И.(19) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2024 во 13.45 часот во СВР Скопје, Н.С.(37) од Скопје пријавил дека на 29.12.2023 околу 09.00 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од неговиот сосед И.М., а на 01.01.2024 околу 18.00 часот бил физички нападнат од соседот С.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2024 во 19.20 часот во СВР Скопје, К.Д.(54) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на подрачјето на Центар, по претходни меѓусебни недоразбирања, неговата малолетна ќерка била физички нападната од две женски лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2024 во 23.20 часот во СВР Скопје, Е.И.(57) од с.Кадино, општина Илинден, пријавила дека на бензинска пумпа во с.Кадино, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.01.2024 во 22.50 часот во СВР Скопје, А.Ш.(63) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Чаир, од заталкано зрно бил оштетен таван од стан. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (03.01.2024) во 04.20 часот во СВР Скопје, 59 - годишен маж од скопско село, пријавил дека бил физички нападнат со тврд предмет од неговата сопруга С.Т.(56). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.01.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје, А.А.(21) од Скопје пријавил дека на 31.12.2023 околу 23.20 часот на подрачјето на Бит Пазар, бил физички нападнат од негов роднина Р.А.(27) од Скопје, кој употребил и остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ж.Р.(34) и Љ.З.(41), двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори. На 14.12.2023, полициски службеници извршиле претрес над пријавените и во нивните домови, при што во домот на Љ.З. пронашле и одзеле седум пакувања кокаин, додека во домот кој заедно го користеле биле пронајдени и одземени 17 пакувања и една ќеса со кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.А.(62) од с.Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурзори“. На 07.01.2023 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет